7«К-712/17»

ВО ИМЕТО НА ГРАЃАНИТЕ НА
РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

ОСНОВНИОТ СУД СКОПЈЕ I СКОПЈЕ, како првостепен кривичен суд преку судијата Добрила Кацарска како судија поединец,со записничар Добрила Стаменковска судски службеник, постапувајќи по обвинителниот предлог на ОЈО С., КО4.бр.634/15 од 18.04.2017 година против обвинетиот Атанас Трајковски од С., за кривично дело Тешки дела против безбедноста на луѓето и имотот во сообраќајот по чл.300 ст.4 в.в.чл.297 ст.3 в.в.ст.1 од КЗ, по одржаната главна, јавна и усмена расправа на ден 15.06.2017 година, во присуство на ЈО во ОЈО С. Ана Гоговска Јакимовска, обвинетиот и неговиот бранител Еленко Миланов, адвокат од С., согласно чл.381 од ЗКП, ја донесе и јавно ја објави следната

П Р Е С У Д А
Врз основа на признавање на вина

ОБВИНЕТИОТ

АТАНАС ТРАЈКОВСКИ од татко..., мајка..., роден на ... година во С., каде и живее на ул....., со ЕМБГ ..., писмен со завршено високо образование, вдовец, татко на три деца, пензионер, Македонец, државјанин на Република Македонија, не осудуван, не се води постапка за друго кривично дело.

ВИНОВЕН Е
ЗАТОА ШТО

На 05.04.2015 година во 17,42 часот, како учесник во сообраќајот на јавните патишта, управувајќи ПМВ„Шкода Фаворит“ со регистарски број...по десната коловозна лента од ул.„Бутелска“, во С., во насока од север кон југ, не се придржувал кон прописите и со тоа го загрозил јавниот сообраќај така што го довел во опасност телото на луѓето, иако бил свесен дека поради тоа може да настапи штетна последица, но лекомислено сметал дека истата нема да настапи, па кога со возилото дошол пред куќен број..., каде на коловозот постои обележан пешачки премин и поставен сообраќаен знак „Обележан пешачки премин“, постапил спротивно на чл.19 ст.3 од ЗБСП и чл.37 ст.1 од ЗБСП, со тоа што не го запрел возилото пред обележаниот пешачки премин по кој чекореле пешаци и со возилото се движел со брзина од 41,0 км/ч, која брзина не била приспособена кон својствата и состојбите на патот, видливоста, прегледноста, атмосферските услови, состојбата на возилата и товарот, густината на сообраќајот и другите сообраќајни услови, на начин да може навремено да го запре возилото пред секоја пречка што под дадените услови можел да ја предвиди, поради што со предниот десен дел од возилото што го управувал удрил во телото на оштетениот, сега покојниот М.К., кој како пешак го минувал

7«К-712/17»
коловозот од ул.„Бутелска“, во насока од лево кон десно, гледано во насока на движење на патничкото моторно возило, од кој удар оштетениот задобил тешки телесни повреди изразени во вид на набиеници на главата, потрес на мозокот, фрактура на десната слепоочна коска, фрактура на десната тенка подколенична коска во горниот крај, фактура на левата тенка подколенична коска, фрактура на 4 и 5 ребро од десната страна на градниот кош, фрактура на десниот крсно бедрен зглоб и фрактура на горната и долната гранка на десната срамна коска, па како резултат на нагмечувањата на мозокот и пореметување на работата на важни мозочни центри, надополнето со загуба на крв од повредите на телото и на екстремитетите, дошло до пореметување и прекин на работата на важни витални органи и до смртен исход кај оштетениот истиот ден.

Со горните дејствија обвинетиот Атанас Трајковски сторил кривично дело Тешки дела против безбедноста на луѓето и имотот во сообраќајот по чл.300 ст.4 в.в.чл.297 ст.3 в.в.ст.1 од КЗ, па согласно овој член како и членовите 4,32,33,34,39, 40,41,48, 48-а, 49 и 50 од КЗ, судот на обвинетиот му изрекува

УСЛОВНА ОСУДА

Со која му утврдува казна затвор од 2-две години, која нема да се изврши доколку обвинетиот во рок од 5-пет години по правосилноста на пресудата не стори ново кривично дело.

Согласно чл.105 ст.1 од ЗКП, се задолжува обвинетиот да ги надомести трошоците на кривичната постапка во вкупен износ од 30.150,00 денари, од кои износ од 2.000,00 денари на име судски паушал на сметка на судот во смисла на чл.102 ст.2 т.6 од ЗКП, износ од 1.500,00 денари на име извршен увид на лице место согласно трошковник на МВР-С., износ од 20.650,00 денари на име извршена обдукција и износ од 6.000,00 денари на име извршено сообраќајно вештачење, а во смисла на чл.102 ст.2 т.1 од ЗКП, а сето тоа во рок од 15 дена по правосилноста на пресудата, а под страв на присилно исполнение.

Согласно чл.114 ст.2 од ЗКП, законскиот застапник на сега покојниот М.К. Д.К. за евентуално оштетно побарување се упатува на спор-парница.

О Б Р А З Л О Ж Е Н И Е

ОЈО С. до овој суд поднесе обвинителен предлог КО4.бр.634/15 од 18.04.2017 година против обвинетиот Атанас Трајковски од С., за кривично дело Тешки дела против безбедноста на луѓето и имотот во сообраќајот по чл.300 ст.4 в.в.чл.297 ст.3 в.в.ст.1 од КЗ.

7«К-712/17»

Постапувајќи по поднесениот обвинителен предлог, судот закажа и одржа главна расправа на ден 15.06.2017 година, на која откако Застапникот на обвинението ја изнесе содржината на обвинителниот предлог судот го повика обвинетиот да се произнесе дали се чувствува за виновен во смисла на чл.380 т.3 од ЗКП.

Обвинетиот Атанас Трајковски изјави дека разбира за што е обвинет, ја призна вината за стореното кривично дело и изјави дека се чувствува за виновен, по што наведе дека признанието го дава доброволно, истиот е свесен за правните последици сврзани за имотно правното побарување и трошоците на кривичната постапка.

Застапникот на обвинението во завршен збор наведе дека имајќи го предвид целосното самопризнание на обвинетиот произлегувало дека обвинетиот го сторил делото поради кое бил поднесен обвинителениот предлог, за кривично дело Тешки дела против безбедноста на луѓето и имотот во сообраќајот од чл.300 ст.4 вв чл.297 ст.3 вв ст.1 од КЗ, па предложи судот истиот да го огласи за виновен и соодветно да го казни согласно законот, а притоа да ги цени како олеснителни околности возраста на обвинетиот, неговата здравствена состојба, коректното однесување во текот на главната расправа, тоа што обвинетиот го признал сторувањето на кривичното дело и тоа што до сега не е осудуван, а како отежнителни судот да ги цени тежината на кривичното дело, настанатата последица, начинот на сторувањето, јачината на загрозеното добро и општествената опасност од стореното кривичното дело, а особено зачестеноста на овој вид кривични дела, по што предложи судот да определи кривична санкција со која ќе се превенира, но и значително ќе се намали сторувањето тој вид кривични дела.

Бранителот на обвинетиот Еленко Миланов во завршен збор наведе дека со оглед на фактот да обвинетиот Атанас Трајковски, се произнел со признание на вината само ќе укаже на околности и факти кои се од значење и влијание за видот и висината на казната, соодветни за личноста и карактерот на обвинетиот, па во склад со законските одредби, Правилникот на одредување казна кој што во конкретниот случај е во примена, неспорен факт е дека обвинетиот бил личност кој има...години,личност кој во својот животен век од...години никогаш не дошол во судир со законот,не само за таков вид на кривични дела, туку и по ниту еден основ и сторување на било какво кривично дело, што укажува за тоа дека станува збор за социјализирана личност во поодминати години. Истакна дека обвинетиот Атанас во склад со својата возраст, има и здравствени проблеми за што пред судот презентирале медицинска документација, од која може да се види дека обвинетиот има кардиолошки и ортопедски проблеми со функционирање на крвните садови и долните екстремитети како проблем на ишијалгија и лумбаго, дури и самиот опис на обвинителниот предлог со утврдените факти во текот на истражната постапка кои како неспорно биле признати, а тоа е дека возилото било управувано со брзина од 41 км/час пред

незгодата, а на место каде што дозволената брзина била 60 км/час укажува дека станува збор за прилагодување на брзина, но она за што ја признал вина и се каел обвинетиот било фактот што не успеа да го запре своето возило пред контактот со сега починатиот пешак. По однос на видот и висината на казната бил и фактот што ниту семејството на оштетениот не предјавува било какво имотно правно побарување во однос на обвинетиот, се приклучиле на гонење. Од сите тие околности посебно личноста на обвинетиот, неговото досегашно поведение во животот, поведението при самиот настан, по настанот кон семејството на оштетениот и во текот на постапката не давало основа да се смета дека во однос на личноста на обвинетиот има потреба од ресоцијализација, како едно од основните начела на пенологијата, за да се влијае на личноста да го сфати значењето на делото и да не се јави потворно како извршител, односно ако обвинетиот за своите ...години, не се јавил како извршител, нема потреба од посебно убедување и објаснување дека истиот повторно нема да се јави како сторител на било какво кривично дело. Она што го изразил преку своето признание, било каењето за настанот и посебно жалење заради тоа што од тој настан произлегла и смртната последица и тоа нешто го носел како товар на својата совест, па затоа и посочувајќи ја личноста на обвинетиот предложи спрема обвинетиот судот да определи алтернативна мерка, условна осуда со која без оглед на висината на истата и периодот на проверување би биле постигнати целите на казнувањето. Зачестеноста на ваквиот вид на кривични дела било неспорен факт, но брзината на управување на возилото на конкретното место и конкретните услови не укажувало на безобразност, арогантност и дрскот во сообраќајот, а кои околности најчесто биле причина за сообраќајни незгоди и последици.

Обвинетиот во завршен збор наведе дека во целост го прифаќа завршниот збор на својот бранител, по што изрази желење за целиот случај, но тоа се случило,а тој не можел ништо назад да врати.

Со оглед да обвинетиот ја призна вината судот ги изведе само доказите кои се однесуваат на видот и висината на кривичната санкција, па така Застапникот на обвинението ја прочита потврда на Основен суд Скопје 1 С. КЕ бр.5906/15 од 03.09.2015 година на име на обвинетиот, а на предлог на одбраната беа изведени и доказите, доплер на долни екстремитети ев.бр.541 од 13.07.2015 година со ехо снимка, лекарски извештај од 03.07.2015 година, извештај на специјалистот-субспецијалистот од 14.11.2016 година, извештај на специјалистот-субспецијалистот од 01.11.2016 година, извод од матична книга на умрените бр.09-4/90 од 23.05.2013 година.

Врз основа на изведените докази, како и доказите кои што ЈО во ОЈО ги достави со доставениот обвинителен предлог, а станува збор за записник за извршен увид на местото на настанот бр.853 од 05.04.2015 година, а заведен под бр.30.6.3/9-853 од 17.06.2015 година, записник за технички преглед од 06.04.2015 година, записник за извршена анализа на алкохол во крв и урина бр.407/5 за 2015 година, а заведен под бр.25.7.2.2.1-11/181 од 14.05.2015 година,

записник за извршена налаиза на алкохол во крв и урина бр.407/4 за 2015 година, а заведен под бр.25.7.2.2.1-11/181 од 14.05.2015 година, скица од увид бр.853, фотодокументација бр.853 од 05.04.2015 година, известие на ЈЗУ УК за трауматологија, ортопедски болести, анастезија, реанимација, интензивно лекување и ургентен центар-С. бр.03-287/2 од 03.09.2015 година со извод од амбулантски дневник, писмен извештај за извршена обдукција СП.бр.16202/69-15 од 06.04.2015 година, сообраќајно-техничко вештачење од август 2015 година, судот ја утврди следната фактичка состојба:

Атанас Трајковски, од татко..., мајка..., роден на ... година во С., каде и живее на ул..., со ЕМБГ ..., писмен со завршено високо образование, вдовец, татко на три деца, пензионер, Македонец, државјанин на Р.М., не осудуван, не се води постапка за друго кривично дело.

На 05.04.2015 година во 17,42 часот, како учесник во сообраќајот на јавните патишта, управувајќи ПМВ„Шкода Фаворит“ со регистарски број ... по десната коловозна лента од ул..., во С., во насока од север кон југ, не се придржувал кон прописите и со тоа го загрозил јавниот сообраќај така што го довел во опасност телото на луѓето, иако бил свесен дека поради тоа може да настапи штетна последица, но лекомислено сметал дека истата нема да настапи, па кога со возилото дошол пред куќен број..., каде на коловозот постои обележан пешачки премин и поставен сообраќаен знак „Обележан пешачки премин“, постапил спротивно на чл.19 ст.3 од ЗБСП и чл.37 ст.1 од ЗБСП, со тоа што не го запрел возилото пред обележаниот пешачки премин по кој чекореле пешаци и со возилото се движел со брзина од 41,0 км/ч, која брзина не била приспособена кон својствата и состојбите на патот, видливоста, прегледноста, атмосферските услови, состојбата на возилата и товарот, густината на сообраќајот и другите сообраќајни услови, на начин да може навремено да го запре возилото пред секоја пречка што под дадените услови можел да ја предвиди, поради што со предниот десен дел од возилото што го управувал удрил во телото на оштетениот, сега покојниот М.К., кој како пешак го минувал коловозот од ул...., во насока од лево кон десно, гледано во насока на движење на патничкото моторно возило, од кој удар оштетениот задобил тешки телесни повреди изразени во вид на набиеници на главата, потрес на мозокот, фрактура на десната слепоочна коска, фрактура на десната тенка подколенична коска во горниот крај, фактура на левата тенка подколенична коска, фрактура на 4 и 5 ребро од десната страна на градниот кош, фрактура на десниот крсно бедрен зглоб и фрактура на горната и долната гранка на десната срамна коска, па како резултат на нагмечувањата на мозокот и пореметување на работата на важни мозочни центри, надополнето со загуба на крв од повредите на телото и на екстремитетите, дошло до пореметување и прекин на работата на важни витални органи и до смртен исход кај оштетениот истиот ден.

Горната фактичка состојба како и битните факти по однос на времето, местото и начинот на сторување на кривичното дело, судот ги утврди од изведениот доказ како и од доставените докази со обвинителниот предлог.

7«К-712/17»

Од записникот за извршен увид на местото на настанот бр.853 од 05.04.2015 година а заведен под бр.30.6.3/9-853 од 17.06.2015 година, произлегува дека на ден 05.04.2015 година во 19,25 часот на ул....во С. бил извршен увид од увидна екипа на МВР-С., за случена сообраќајна незгода во која учесник бил Атанас Трајковски како возач на ПМВ„Шкода Фаворит"...и пешакот М.К.. На лице место увидната екипа извршила увид, скицирање, фотографирање, земала крв за анализа и возилото било упатено на вонреден технички преглед. Пешакот учесник во незгодата поради здобиени тешки телесни повреди бил пренесен во Ургентниот центар во С., каде бил задржан на лекување и истиот се наоѓал во животна опасност.

Согласно записникот за технички преглед од 06.04.2015 година, неспорно е дека ПМВ „Шкода Фаворит" со рег.бр...., било исправно, а во прилог на записникот е доставен и дијаграм за исправноста на сопирачките на возилото.

Видно од записникот за извршена анализа на алкохол во крв и урина бр.407/5 за 2015 година, а заведен под бр.25.7.2.2.1-11/181 од 14.05.2015 година и записник за извршена анализа на алкохол во крв и урина бр.407/4 за 2015 година, а заведен под бр.25.7.2.2.1-11/181 од 14.05.2015 година, произлегува дека лицето М.К. и лицето Атанас Трајковски, не биле под дејство на алкохол, односно кај двајцата учесници во незгодата концентрацијата на алкохол во крвта била 0 промили,а и во урината немало алкохол.

Од скицата од увид бр.853, видна е местоположбата на учесниците по незгода, нивниот правец на движење пред незгодата.

На фотодокументацијата бр.853 од 05.04.2015 година, видна е местоположбата на возилото, условите на патот-коловозот, трагите на крв од пешакот, оштетувањата на возилото по незгодата.

Согласно известието на ЈЗУ УК и ургентен центар-С. бр.03-187/2 од 03.09.2015 година со извод од амбулантски дневник, видно е дека на ден 05.04.2015 година преку Ургентен центар-С. на интензивно одделение бил примен пациентот-повреден пешак М.К., кој на прием бил интубиран и поставен на механичка вентилација и итно внесен во операциона сала, но и покрај сите преземени активности за реанимација, истиот им подлегнал на повредите после 3 часа од приемот.

Во писмениот извештај за извршена обдукција СП.бр.16202/69-15 од 06.04.2015 година, наведено е дека била извршена судско-медицинска експертиза над лешот на покојниот М.К., стар...години, по што е даден надворешен опис на телото и внатрешен наод, па е наведено дека биле извршени РГТ иследувања и лабораториски анализи, дадени се патолошко-анатомските дијагнози и мислење дека смртта на сега покојниот била насилна и настанала како резултат на нагмечување на мозокот, па како резултат на

нагмечување на мозокот и пореметување на работата на внатрешни мозочни центри, надополнето со загуба на крв од повредите на телото и на екстремитетите, дошло до пореметување и прекин на работата на важните витални органи и до смрттен исход кај сега покојниот.

Во сообраќајно-техничкото вештачење од август 2015 година под наод и мислење наведени се технички податоци и елементи поврзани со предметната сообраќајна незгода, основни податоци за незгодата и учесници во неа, податоци за коловозот, времето и сообраќајната сигнализација, техничка исправност на ПМВ „Шкода“, под статистичко-динамички елементи на наодот се наведени повреди на учесниците во незгодата, траги на предмети пронајдени на коловозот и нивна анализа, оштетувања и анализа на оштетувањата на ПМВ „Шкода“, положбите на ПМВ „Шкода“ и пешакот по незгодата, определување на меѓусебната положба на ПМВ „ШКода“ и пешакот во моментот на нивниот примарен контакт и местото на нивниот примарен контакт, можност за перципирање на пешак од страна на возачот на ПМВ„Шкода“ и брзина на движење на пешакот преку коловозот, временско-просторна анализа на незгодата, анализа на можностите за избегување на незгодата, по што е наведено мислење и заклучок дека возачот на ПМВ „Шкода“имал направено пропусти кои резултирале со сообраќајна незгода, а пешакот немал направено пропусти во премдетната сообраќајна незгода.

Обвинетиот не е осудуван и против него не се водат постапки за други кривични дела, што е видно од потврдата на Основен суд Скопје 1 С. КЕ бр.5906/15 од 03.09.2015 година на име на обвинетиот

Согласно доказите доставени од одбраната кои се однесуваат на санкцијата и тоа доплер на долни екстремитети ев.бр.541 од 13.07.2015 година со ехо снимка, лекарски извештај од 03.07.2015 година, извештај на специјалистот-субспецијалистот од 14.11.2016 година, извештај на специјалистот-субспецијалистот од 01.11.2016 година, извод од матична книга на умрените бр.09-4/90 од 23.05.2013 година,неспорно произлегува дека обвинетиот е со нарушена здравствена состојба и има кардиолошки и ортопедски проблеми со функционирање на крвните садови и долните екстремитети како проблем на ишијалгија и лумбаго.

Врз основа на вака утврдена фактичка состојба следуваше судот да одлучи како во диспозитивот на оваа пресуда од причина што се утврди дека во дејствијата на обвинетиот Атанас Трјаковски се содржани битните елементи на кривичното дело Тешки дела против безбедноста на луѓето и имотот во сообраќајот по чл.300 ст.4 в.в. чл.297 ст.3 в.в. ст.1 од КЗ, заради што судот обвинетиот го огласи за виновен и му изрече алтернативна мерка-условна осуда со која му утврди казна затвор во траење од 2-две години, која нема да се изврши доколку обвинетиот во рок од 5-пет години по правосилноста на пресудата не стори ново кривично дело, сметајќи дека со вака изречената казна

7«К-712/17»
ќе се постигнат целите на казнувањето, како на планот на специјалната, така и на планот на генерална превенција, а согласно чл.32 од КЗ.

При одлучувањето судот го имаше во предвид признанието на вина од страна на обвинетиот кое што признание е доброволно, истиот е свесен за правните последици сврзани за имотно-правното побарување и трошоците на кривичната постапка.

При одредување на видот и висината на кривичната санкција, судот ги имаше предвид сите околности од чл.39 од КЗ како и одредбите од Правилникот за начинот на одмерување на казните, кои се од влијание за индивидуализација на казната, па како отежнувачки околности ги зеде предвид, видот, карактерот и тежината на кривичното дело, зачестеноста на извршување на овие кривични дела, степенот на кривичната одговорност на обвинетитот, повредата и јачината на загрозување на заштитеното добро, посебно начинот и местото на сторување на кривичното дело, последицата од стореното кривично дело, односно тоа што пешакот во конктретната сообраќајна незгода е покоен, а како олеснувачки околности судот го ценеше коректно однесување на обвинетиот на главната расправа и неговиот допринос за окончување на постапката, потоа неговите лични, семејни и материјални прилики, неговата возраст, односно истиот е роден ... година, што значи возрасна и зрела личност, истиот е вдовец, татко е на три деца, пензионер, има оформено образование-високо образование, воедно судот го ценеше и фактот што истиот на возраст од...години претходно не е осудуван и против него не се води постапка за друго кривично дело.

Согласно чл.105 ст.1 од ЗКП, се задолжува обвинетиот да ги надомести трошоците на кривичната постапка во вкупен износ од 30.150,00 денари, од кои износ од 2.000,00 денари на име судски паушал на сметка на судот во смисла на чл.102 ст.2 т.6 од ЗКП, износ од 1.500,00 денари на име извршен увид на лице место согласно трошковник на МВР-С., износ од 20.650,00 денари на име извршена обдукција и износ од 6.000,00 денари на име извршено сообраќајно вештачење, а во смисла на чл.102 ст.2 т.1 од ЗКП, а сето тоа во рок од 15 дена по правосилноста на пресудата, а под страв на присилно исполнение.

Согласно чл.114 ст.2 од ЗКП, законскиот застапник на сега покојниот М.К., Д.К. за евентуално оштетно побарување се упатува на спор-парница.

ОСНОВЕН СУД СКОПЈЕ I СКОПЈЕ
VII.К.бр.712/17 од 15.06.2017 година

7«К-712/17»

Записничар<br>Добрила Стаменковска с.р.

Судија<br>Добрила Кацарска с.р.

НАПОМЕНА: Против оваа пресуда дозволена е жалба во рок од 8 дена по приемот на истата, преку овој суд до Апелациониот суд во Скопје.

Согласно чл.381 ст.4 од КЗП обвинетиот не може да поднесе жалба поради погрешно утврдена фактичка состојба

ДН:-ОЈО С.
-Обвинетиот Атанас Трајковски, ул...Б,С.
-Бранител на обвинет, Еленко Миленков, адвокат од С.
-Законски застапник на оштетен, Д.К. , ул.... бр... С.

НАПОМЕНА:Обвинетиот трошоците во износ од 2.000,00 денари на име судски паушал да ги исплатат на сметка на судот и тоа на жиро сметка број 100000000063095, на буџетски корисник 2901000973, единка 631, корисник 10, приходна шифра 724132, програма 20, начин 2, примач Основен суд Скопје 1, депонент НБРМ.